08-1391/2
18.03.19

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-863/4
18.03.2019 год.-vit
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерството за животна средина и просторно планирање, со адреса на Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, претставувано од министерот Sadulla Duraki, (Во натамошниот текст „Договорен орган") од една страна, и

2. Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје, со адреса на бул. Климиент Охридски бр.26, 1000, Скопје, застапувано од генералниот директор Владимир Тошевски, (Во натамошниот текст „Носител на набавка") од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на услуга за осигурување на вработени во Министерство за животна средина и просторно планирање при службено патување во странство, согласно наведеното во техничката спецификација од тендерската документација и прифатената понуда на Носителот на набавката по Оглас бр. 03/2019.

## III. ВРЕДНОСТ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Вкупната вредност на овој Договор ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, но не повеќе од 100.000,00 денари.

(2) Врз основа на член 23 став 6 од Законот за данокот на додадена вредност (Службен весник на Р.М број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, Уставен суд бр. 93/00, 8/01, 21/03, Уставен суд бр. 17/04, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 23/16, 189/16 и 198/18), се ослободуваат од данок на додадена вредност - Услуги на осигурување и реосигурување, вклучувајќи ги со нив поврзаните услуги на осигурителни брокери и агенти.

(3) Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

(4) Договорот се склучува за временски период од 1 (една) година сметано од денот на потпишување на договорот или до целосна реализација на вредноста на договорот (што прво ќе достаса).

## IV. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 3**

(1) Нарачката ќе биде извршена со допис (барање) кој ќе биде испратен преку пошта и/или

електронска пошта на официјалната елктронска адреса наведена од страна на носителот на набавката.

(2) Носителот на набавката е должен да ја реализира услугата во рок од 24 часа од моментот на примање на барањето од страна на договорниот орган.

(3) Нарачките ќе се извршуваат сукцесивно, во зависност од пројавените потреби.

## V. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Во случај на доцнење на реализација на услугата предмет на набавка од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.
Договорната казна се определува во висина од 0,5% од вредноста на производите за секој ден доцнење, сметано од првиот ден на доцнење. Вкупниот износ на казнените пенали не може да премине 10% од вкупната вредност на Договорот.

## VI. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга и доставена фактура, во рок од 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган.
Прилог кон фактурата е копија од полисата.

## VII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 6

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
  број и датум на Договорот;
- спецификација за полисите;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- вкупна цена за исплата по фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.
- прилози ( копија од полисите)

## VIII. ВИША СИЛА

### Член 7

Ниту една од договорните страни не одговара и нема да биде одговорна за неисполнување на обврските по овој Договор до кое би дошло поради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потре-ба со

заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## IX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

### Член 8

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## X. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 9

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.
Кога една од договорните страни не ја исполнил обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.
За штета а поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

### Член 10

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штета ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

### Член 11

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

## XI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Кога една од договорните страни не ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 13

Кога една од договорните страна не ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 5 (пет) дена за исполнување на обврската.
Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

### Член 14

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување, доколку од неговото однесување се покаже дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

## XII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 17**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 18**

Овој договор е составен од 6 (шест) примероци, од кои Договорниот орган задржува 4 (четири) примероци додека Носителот на набавката задржува 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | Национална групација за осигурување **АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје** |
| **Министер,** | **Генерален директор,** |
| Sadulla Duraki | Владимир Тошевски |

**Изготвил:** Снежана Колевска
**Контролирал:** Билјана Тешева Ѓоргиевска
Марјан Крстевски
**Одобрил:** Тодор Ѓорговски
Весна Петерушевска
**Согласен:** По овластување на министер
Лендита Дика, државен советник

**Составен дел на овој Договор:**

а) Техничката спецификација од тендерската документација

б) Понуда по спроведената електронска аукција на Национална групација за осигурување **АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА - Скопје**

Makedonski Telekom CA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA
DN: cn=Makedonski Telekom CA,ou=AD Osiguritelna Polisa Skopje:4030005548374,o=Makedonski Telekom,c=MK
Date: 2019.03.06 11:57:46 +01'00'

Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
СКОПЈЕ
Бр. 08-1391/1
05.03.2019 год.
СКОПЈЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број **3/2019** објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за осигурување на вработени во Министерството за животна средина и просторно планирање при службено патување во странство, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А по е аукција**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Ад Осигурителна Полиса

I.2. Контакт информации

- Адреса: Бул.Климент Охридски бр 26,Скопје
- Телефон: 02 3244 633
- Факс: 02 3244 639
- Е-пошта: Antonija.Pockova@insurancepolicy.com.mk
- Лице за контакт: Антонија Поцкова

I.3. Одговорно лице: генерален директор Владимир Тошевски

I.4. Даночен број: 4030005548374

**Дел II – Техничка понуда *(задолжително пополнување)***

II.1. Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

*Осигурителни услуги*

*[Со пополнување на оваа точка понудувачот потврдува дека услугите кои ги нуди се во согласност со техничките барања и техничките спецификации од тендерската документација]*

II.2. Го прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда *(задолжително пополнување)***

III.1. Вкупната цена на нашата понуда за осигурување по лице, за ден, без франшиза вклучувајќи ги сите трошоци и попусти изнесува: **37.95,00** [со бројки] (**триесетиседумденариидеведесетипетдени**) [со букви] денари.

III.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата утврдени во тендерската документација.

III.3.Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничката спецификација.

Место и датум
Скопје 05.03.2019

Одговорно лице

______________________________

(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*